





АПСТРАКТ

АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА СО ТЕКСТИЛНИОТ ОТПАД

Co-funded by the European Union

ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА
LOCAL COMMUNITY DEVELOPMENT FOUNDATION

KONEKT AGORA

ВОВЕД

Текстилната индустрија во Северна Македонија, со околу 30.000 вработени и над 500 милиони евра извоз, создава околу 35.000 тони отпад годишно, кој најчесто завршува на депонии без селекција. И покрај солидната законска рамка, системот останува нефункционален поради недоволна инфраструктура, слаба координација, ограничени ресурси кај општините и јавните претпријатија, недостиг на стимули за бизнис-секторот и недоволна јавна свест. Најдобрите практики ги водат граѓанските организации (ГО) и донаторите, но без долгорочна институционална поддршка. Дополнително, родовата димензија е целосно занемарена, иако жените се најзастапени во индустријата и во домашната селекција. На европско ниво, од 7,5 милиони тони текстилен отпад годишно околу 38 % се реупотребува, а 22 % се рециклира, што покажува дека постојат значителни можности за подобрување на националниот систем.

ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА


Регулативата за управување со отпад во Северна Македонија воспоставува современа и усогласена законска рамка со европските стандарди, преку која првпат се воведува систематско одделно собирање, селекција, реупотреба и рециклирање на повеќе текови на отпад. Клучни новини се воведувањето на проширената одговорност на производителот (ПОП), формирање колективни постапувачи и создавањето организиран систем што обезбедува подобра контрола, транспарентност и одржливост. Законот за управување со додатни текови на отпад, Законот за животна средина, Законот за управување со отпад, како и стратегиските документи го зајакнуваат интегрираниот пристап и создаваат предуслови за транзиција од линеарен кон циркуларен модел, со јасно дефинирани цели за собирање, третман и рециклирање.

Сепак и покрај силната правна рамка, имплементацијата се соочува со низа предизвици: недоволна инфраструктура за селекција и третман, ограничени рециклажни капацитети, нерегуларно пријавување на количини, слаби инспекциски служби и високи финансиски оптоварувања за малите компании. За успешна транзиција кон циркуларна економија потребни се појасни подзаконски акти, значително јакнење на институционалните и инспекциските капацитети и систематска едукација на производителите, општините и граѓаните, со што регулативата би се претворила од формална рамка во функционален и ефективен систем.


РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Жените во Северна Македонија имаат клучна, но недоволно препознаена улога во управувањето со отпад: тие доминираат во домашната селекција и во текстилната индустрија, но се маргинализирани во формалните системи каде што доминира машка работна сила. Иако

Национални цели за собирање на отпадниот текстил согласно ЗУПТО



Број на вработени мажи – жени во ЈП



често се изложени на ризични и нископлатени позиции, жените претставуваат значителен неискористен потенцијал за зелена транзиција – како работнички и како претприемачки кои можат да воведат одржливи и циркуларни практики. Родово одговорните политики би можеле да отворат нови зелени работни места, да го зајакнат женското претприемништво и да придонесат за поголема социјална инклузија.

КЛУЧНИ НАОДИ

Управувањето со текстилниот отпад во Северна Македонија се соочува со сериозни системски слабости – од нејасна регулатива и ограничени инспекциски и финансиски капацитети до недоволна инфраструктура за селекција и преработка. Општините и јавните претпријатија работат со минимални ресурси, граѓаните имаат ниска мотивација поради недоверба во системот, а иновациите најчесто ги носат ГО и донаторите. Иако постојат можности за циркуларни модели и зелени работни места, напредокот е ограничен поради слаба координација, недоволна имплементација и целосно изоставена родова перспектива која ги маргинализира жените, иако тие се клучни и во индустријата и во домашната селекција.

Институции и системски предизвици

- Законската рамка е поставена, но имплементацијата е ограничена;
- Системот за проширена одговорност (ПОП) за текстил е во рана фаза и недоволно разбирлив за компаниите и општините;
- Инспекциските служби имаат мал број кадар, недоволна опрема и ограничени овластувања;
- Недостасува национална стратегија за циркуларност во текстилниот сектор.


Општини и јавни комунални претпријатија

- Ограничени технички и финансиски капацитети;
- Недостиг на контејнери, складишта и пунктови за собирање текстил;
- Во повеќето општини текстилниот отпад се третира како комунален отпад;
- Недоволна едукација и комуникација со јавноста.

Текстилни компании

- Нема организирани системи за селекција на индустрискиот текстилен отпад;
- Недостиг на стимули за рециклирање и повторна употреба;

Општини што имаат склучено договори со колективни постапувачи за текстилен отпад



- Компаниите ја сметаат селекцијата како дополнителен трошок, а не како инвестиција;
- Многу компании не се запознаени со своите нови законски обврски.

Граѓани

- Ниска свест за одделно собирање;
- Ограничени можности за предавање текстил (малку локации);
- Присутна недоверба: „и она што се селектира завршува на исто место".


Граѓански организации

- Најголем дел од иновативните практики (селекција, повторна употреба, реупотреба) се иницирани од ГО;
- Делуваат проектно, со ограничено времетраење;
- Недостасува институционална поддршка за одржливост;

Родовата перспектива

- Жените доминираат во текстилниот сектор (80+ %), но со ниски плати и малку можности за напредување;

Постапување со текстилниот отпад



- Жените во домаќинството најчесто се примарни управувачи на отпадот;
- Во комуналниот сектор жените се маргинално застапени (18 %);
- Родовите аспекти не се интегрирани во политиките за отпад.

ПРЕПОРАКИ

За унапредување на управувањето со текстилниот отпад потребен е координиран и долгорочен пристап што ги поврзува институциите, општините, јавните претпријатија, компаниите, граѓаните, ГО и меѓународните партнери. Напредокот зависи од јасна законска рамка, посилни институционални капацитети, соодветна инфраструктура, стабилно финансирање, подобра координација и поголема транспарентност, паралелно со едукација, јавна свест и развој на циркуларни и иновативни модели, вклучувајќи ја и родовата перспектива.

Национални институции (Министерства, Инспекторати, Влада)

Подобрување на законската рамка

- Брзо донесување на подзаконски акти за текстилен отпад;
- Дефинирање јасни процедури за ПОП, со редовни упатства за производителите;
- Изработка на Национална стратегија за текстил и циркуларна економија.

Инфраструктура и инвестиции

- Финансирање регионални центри за селекција и рециклирање на текстил;
- Овозможување државни субвенции за бизниси што инвестираат во рециклирачки капацитети;
- Поддршка за социјални претпријатија и центри за поправка/реупотреба.

Институционална координација

- Формирање национална платформа за управување со текстилен отпад со учество на државни институции, општини, компании и ГО;
- Воспоставување централен регистар за количини на создаден, собран и третирани текстилни отпадоци.

Надзор и санкции

- Јакнење на инспекторатите: обука, техничка опрема, зголемување на број на инспектори;
- Доследно спроведување санкции за нерегуларно депонирање и непријавување отпад.

Јавни комунални претпријатија

Инфраструктура за собирање

- Поставување контејнери за текстил на видливи локации, по стандарди на ПОП.
- Опремување собирни центри со одделни зони за текстил;
- Воведување мобилни пунктови во рурални и периферни населби.

Финансиска одржливост

- Склучување договори со колективни постапувачи за покривање дел од трошоците;
- Воспоставување партнерства со рециклажни компании.

Јакнење капацитети

- Обуки за работниците за селекција, правилно складирање и транспорт;
- Воведување стандарди за безбедност, особено за текстилен отпад со можни хемиски остатоци.

Комуникација со граѓаните

- Јавни кампањи за одделно собирање на текстил;
- Објавување квартални податоци за количини и резултати за да се зголеми довербата.

Општини

Локални планови

- Изработка на локални планови за управување со текстилен отпад усогласени со националните цели;
- Воведување буџетски ставки за инфраструктура и информативни активности.

Надзор

- Организирање активен локален инспекциски надзор;
- Поголема контрола врз јавните претпријатија и приватни собирачи.

Поддршка на бизниси и ГО

- Давање простор за собирни центри и работилници за поправка;
- Грантови или ослободување од такси за локални зелени иницијативи.

Едукација и јавна свест

- Кампањи во училишта и јавни институции.
- Вклучување на женските организации во дизајн на локални програми.

Меѓународна заедница и донатори

Финансиска поддршка

- Програми за развој на рециклажна индустрија;
- Поддршка за пилот-проекти за fiber-to-fiber рециклирање.

Техничка експертиза

- Пренос на европски модели за собирање и реупотреба;
- Поддршка за развивање стандарди за безбедно постапување со текстил.

Инклузивен развој

- Програми што ги таргетираат жените во текстилниот сектор;
- Поддршка за социјални претпријатија и ранливи групи.

Компании и индустрија

Селекција и управување со отпад

- Воспоставување интерни системи за селекција на отпад (исечоци, дефектна стока);
- Соработка со колективни постапувачи.

Циркуларни производни модели

- Користење рециклиран текстил како суровина;
- Развивање поправливи и долготрајни производи;
- Намалување на непродадени серии преку подобро планирање.

Партнерства

- Соработка со дизајнери, ГО и социјални претпријатија за реупотреба;
- Заеднички иницијативи за собирање стари производи од потрошувачите.

Граѓани

Одговорна потрошувачка

- Купување помалку и поквалитетно;
- Поддршка на second-hand и локални иницијативи.

Селекција

- Одделно собирање и предавање на текстил на назначени локации;
- Намалување на фрлањето во комунален отпад.

Едукација

- Активна информираност за ПОП системот;
- Учествување во локални акции за чистење и донирање.

Граѓански организации

Експертиза и застапување

- Следење на имплементацијата на законите и застапување за подобри политики;
- Обуки за општини и компании за циркуларност.

Вмрежување

- Поврзување со европски мрежи за циркуларна економија;
- Локални коалиции за намалување на отпад.

Проекти за реупотреба и поправка


- Воспоставување repair-centers и работилници;
- Социјални програми за вработување на жени.

Информирање на јавноста

- Кампањи, работилници, едукативни материјали.

ДОБРИ ПРИМЕРИ И ПРАКТИКИ ШТО БИ ГО НАМАЛИЛЕ ТЕКСТИЛНИОТ ОТПАД

Рециклирањето и реупотребата се клучни механизми за одржливо управување со ресурсите, бидејќи ја намалуваат количината отпад што завршува на депонии, го намалуваат притисокот врз природните суровини и ја поттикнуваат циркуларната економија. Иако текстилниот отпад има сериозно еколошко влијание и нуди потенцијал за создавање нови зелени индустрии, во Северна Македонија индустриското рециклирање речиси не постои, а само неколку компании експериментираат со ограничени модели за преработка. Реупотребата, пак, е позастапена – преку донации, секундарна продажба, креативна преработка и мали локални иницијативи – и претставува најреална алтернатива во моменталните услови, бидејќи ѝ дава втор живот на употребливата облека, создава социјална вредност и го намалува отпадот. Иако постојат позитивни пилот-примери како проектите на ФРЛЗ во Штип, студентските работилници и размените меѓу домаќинствата, нивниот обем е мал, што укажува на потребата ваквите модели да се поддржат и прошируваат за да имаат системско влијание.



„Овој проект е кофинансиран од Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторот и на никаков начин не ги одразува ставовите на Европската Унија.“